# Упатство за купување и продажба на девизи на физички и правни лица преку e-banking сервисот

## Купување и продажба на девизи на физички лица

За купување или продажба на девизи се одбира линкот “Налози” од сметката од која сака да се изврши конверзијата.

За креирање на налог за конверзија се одбира ‘Купување на девизи” од денарските сметки или “Продажба на девизи” кај девизните сметки.




Во образецот Купување/продавање на СПС се пополнуваат следните две полиња:

- Сметка што се одобрува (се бира од лизгачкото мени доколку има повеќе сметки)
- Износ

Сите останати полиња автоматски се пополнуваат. Курсевите по кои се врши конверзијата се од курсната листа за девизи на СБ.




По пополнување на образецот Купување/продавање на СПС се избира Сними.

Доколку е потребно може да се промени образецот Купување/продавање на СПС со избор на линкот Промени. Во спротивно доколку налогот е во ред следат чекорите За потпис, по што налогот се потпишува со соодветен сертификат за потпис и најпосле се испраќа до банката со клик на линкот Прати.

Доколку Статусот е успешен автоматски се задолжува денарската сметка а се одобрува девизната сметка и обратно доколку станува збор за продажба на девизи. Сите трансакции се со денешен датум на валута. Клиентот мора да ги помине сите чекори во рок од 15 минути. Во спротивно налогот ќе биде неуспешен и ќе мора да се внеси нов налог.

## Купување и продажба на девизи за правни лица до ЕУР 1.000 во противвредност

За купување или продажба на девизи се одбира линкот “Налози” од сметката од која сака да се изврши конверзијата.

За креирање на налог за конверзија се одбира “Купување на девизи” од денарските сметки или “Продажба на девизи” кај девизните сметки.




Во образецот Купување/продавање на СПС се пополнуваат следните полиња:

- Сметка што се одобрува (се бира од лизгачкото мени доколку има повеќе сметки)
- Износ
- Вид на странско платежно средство ( девизи по правило но може да се бира од лизгачко мени)
- Капитални трансакции (празно по правило но може да се бира од лизгачко мени)




Сите останати полиња автоматски се пополнуваат. Доколку износот на девизи е под ЕУР 1,000 во противвредност на било која валута , тогаш курсевите по кои се врши конверзијата се по курсната листа за девизи на СБ.

По пополнување на образецот Купување/продавање на СПС се избира Сними.

Доколку е потребно може да се промени образецот Купување/продавање на СПС со избор на линкот Промени. Во спротивно доколку налогот е во ред следат чекорите За потпис, по што налогот се потпишува со содветен сертификат за потпис и најпосле се испраќа до банката со клик на линкот Прати.

Доколку Статусот е успешен автоматски се задолжува денарската сметка а се одобрува девизната сметка и обратно доколку станува збор за продажба на девизи. Сите трансакции се со денешен датум на валута. Клиентот мора да ги помине сите чекори во рок од 15 минути. Во спротивно налогот ќе биде неуспешен и ќе мора да се внеси нов налог.

## Купување и продажба на девизи за правни лица над ЕУР 1.000 во противвредност

Постапката на купување или продавање на девизи за износи над ЕУР 1.000 во противвредност е идентична се до чекорот Сними , послешто излегува порака "Налогот е прифатен". Во тој случај налогот се доставува на котација до Банката каде истиот се котира.




Налогот неможе да се потврди се додека не биде котиран курс. Котирањето се врши то текот на неколку минути. Потоа на Прикажи се гледа котираниот курс и коминтентот може да ги прифат со кликнување на Потпиши или да не го потпишува со што по 15 минути налогот ќе истече. После потпишувањето следи чекорот Прати.

Доколку Статусот е успешен автоматски се задолжува денарската сметка а се одобрува девизната сметка и обратно доколку станува збор за продажба на девизи. Сите трансакции се со денешен датум на валута. Клиентот мора да ги помине сите чекори во рок од 15 минути. Во спротивно налогот ќе биде неуспешен и ќе мора да се внеси нов налог.

**Напомена: Согласно член 31 од Законот за девизно работење правно лице може да купи девизи само во случај да има обврска за плаќање во странство. Трансферот на средства задолжително треба да се реализира наредниот работен по доставувањето на намерата за купување на девизи.**